# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за вештачење |
| Одговорно лице и контакт информации: | Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник<br>Е-пошта: tvasic@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 12.11.2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2019 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Значењето на вештачењето е големо. Вештачење е примена на други научни дисциплини со цел давање одговори или објаснувања за потребите на утврдување на правни факти. Вештак е стручно лице кое ги исполнува формалните и суштинските услови за да врши ваков вид

работа. Тој соработува со судот и судиите при што со својот стручен наод и мислење од некоја област за која е стручен (машинство, медицина, економија, финансии, градежништво и останати различни области) во голема мерка му помагаат на судот да ја утврди вистината, односно да утврди одреден правно релевантен факт после што се отвора или заклучува расправата. Од квалитетот и севкупноста на наодот и мислењето на судскиот вештак зависи текот и исходот на судската постапка. Во процесот на утврдување на материјалната вистина, судот се повеќе се потпира на наодите и мислењата на стручните лица од областите на кои се однесуваат судските спорови.

Со постојниот Закон за вештачење („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/2010, 12/2014, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18) се уредува вршењето на вештачење, областите, условите и начинот на вршењето на вештачењето, субјектите кои вршат вештачење, условите и постапката за полагање на стручен испит за издавање, продолжување, престанок или за одземање на лиценца за вештачење за вршење на вештачење од соодветна област, награда и надоместок на трошоците за извршеното вештачење, основањето, надлежноста, организацијата и работењето на Комората за вештаци, надлежностите на Бирото за судски вештачења, организацијата и работењето, како и други прашања од значење за судските вештачења, супервештачења, процени и грижа за унапредување на работите на вештачењето.

Потребата од надградување и усогласување на прописите за областа вештачење се наметна како неопходна со оглед на тоа дека постојните законски решенија не ги даваат посакуваните резултати. Исто така, постојните законски решенија за вештачењето не кореспондираат со сегашните услови и реформата на правосудниот систем во Република Северна Македонија.

Од тие причини, областа вештачење е опфатена со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план, во рамки на стратешките цели унапредување на Квалитетот во правосудниот сектор (2.2.), зголемување на Ефикасноста во правосудниот сектор (2.4.) и Реформи во посебни области, Граѓанско-правна област (5.4) .

Имено, како стратешка цел под реден број 2. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА РЕФОРМАТА ВО ПРАВОСУДСТВОТО, 2.2. КВАЛИТЕТ, е утврдена стратешка насока 2.2.4., Укинување на електронско полагање на стручните испити и воведување на усмено и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења, и мерка 2.2.4.-1, Донесување на законски решенија со кои електронското полагање на испитите ќе биде заменето со усмен испит и писмена вежба „студии на случај" пред Комисија.
Актуелната состојба е дека стручните испити, како што се правосудниот, нотарскиот, извршителскиот, медијаторскиот, за вештаците итн., се полагаат по електронски пат, што не дозволува соодветно оценување на квалитетот на лицата кои полагаат. Општ заклучок на целокупната стручна јавност е дека испитот за влез во правничка професија, особено во областа на правосудниот сектор е недозволиво и сосема нецелисходно да се спроведува без кандидатот вербално да ги искаже своите знаења и да ги покаже своите говорнички вештини. Исто така, „студии на случај" од ниту една правна област не може да се решаваат на компјутер. Во законските акти со кои се утврдува начинот на полагање и спроведување на овие испити потребно е да бидат предвидени мерливи и објективни критериуми за процена на знаењето на кандидатите.
Поради ваквата актуелна состојба зацртана е стратешка насока: Укинување на електронско полагање на стручните испити и воведување усно и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, а врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења, која се планира да биде остварена со донесување на законски решенија со кои електронското полагање на испитите ќе биде заменето со усмен испит и писмена вежба „студии на случај" пред Комисија. За таа цел е предвидено донесување на нови законски решенија и за вештачење.

Понатаму, под стратешката цел 2. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА РЕФОРМАТА ВО ПРАВОСУДСТВОТО, 2.4. ЕФИКАСНОСТ, утврдена е стратешка насока 2.4.6., Ревидирање на системот на судско вештачење преку законски измени.
Како што е наведено во Стратегијата, системот на судско вештачење во голема мера влијае врз ефикасноста и на квалитетот на судските постапки. Постојат бројни критики за постојниот начин на организирање и функционирање на овој систем поради што ќе следува негово

ревидирање. Поради ваквата актуелна состојба зацртана е стратешка насока: Ревидирање на системот на судско вештачење преку законски измени.

Исто така, под стратешката цел 5. РЕФОРМИ ВО ПОСЕБНИ ОБЛАСТИ, 5.4 ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОБЛАСТ, утврдена е стратешка насока 5.4.2., Вештачење, и мерка 5.4.2-1. Изменување на Законот за вештачење во насока на прецизирање на нормите за влез во професијата вештак, вршење на дејноста и продолжување на лиценците.
Имено, како што е наведено во Стратегијата, Законот за вештачење е донесен во 2009 година. Поради воочени проблеми во примената на одредени норми од постојното законско решение, особено во делот на влезот во професијата вештак преку полагање на електронскиот испит за вештаци, и начинот на креирањето на електронското полагање, значително се отежна влезот во професијата, поради што ќе се пристапи кон подготовка на измени на постојното законско решение.

Покрај остварување на стратешките цели, насоки, мерки и активности, причина за пристапување кон донесување на нов закон за вештачење е и фактот дека од започнувањето со примената до денес, се покажа дека Законот во пракса не ги остварува предвидените цели, со оглед на тоа што:

- Непрецизно дефинирани области на вештачење и непостоење на целосен список на области за вештачење;
- Непрецизно дефинирање на потребното работно искуство како услов за стекнување на лиценца за вештачење;
- Нерегулирање на лиценци за вештачење на правните лица, непостоење на регистар на правни лица за вештачење и немање на законска можност за учество во работата на Комората;
- Неприменлив начин на полагање на стручниот испит;
- Немање на законски основ за надминување на состојбите во кои поради немање на соодветно високо образование во државата во одредена област на вештачење не може да се издаде лиценца;
- Ограничена можност на странски вештаци да вршат вештачење на територијата на РСМ;
- Прениски износи на премиите за осигурување од одговорност за штета причинета на трети лица;
- Непостоење на законски основ за одземање на лиценца на лице вработено во орган на државна управа и стручна установа надлежна за вршење на вештачење во случај на престанок на работен однос;
- Неможност да се смета за неважечка лиценцата чиј рок на важење е истечен, а не е избришана од Регистарот со решение донесено од министерот за правда;
- Неможност на Комората на вештаци навремено да одговори на барањата од Министерството за правда за доставување на податоци за посетени обуки од страна на вештаците како услов за продолжување на лиценцата за вештачење и недоследности во врска со истите, од една страна, а од друга страна одредба од членот 6 став 3 од Правилникот за формата, содржината и образецот на лиценцата за вештачење и начинот на нејзиното издавање и продолжување со кој се предвидува дека продолжувањето на важењето на лиценцата се врши со издавање на нова лиценца со важност од наредниот ден од денот на истекувањето на важноста на претходната лиценца;
- Потешкотии вештаците да ја исполнат обврската за задолжително посетување на континуирани обуки организирани од Комората како услов за продолжување на лиценцата за вештачење со оглед на тоа што Комората не секогаш ги организираше обуките, а не постоеше законска можност во таков случај да се земат како релевантни обуки организирани од други институции, што ги доведуваше во незавидна ситуација вештаците;
- Недоследна примена на член 5 од Законот за вештачење со кој е пропишува кој може да врши вештачење, а особено на ставот (4) од членот 5 (кој гласи: „Супер вештачењето го определува претседателот на советот или судија поединец по електронски пат со примена на правилото на случаен избор од Регистарот во присуство на двете странки, односно нивните полномошници), поради неусогласеност на цитираниот член и одредбите од Законот за вештачење со кој се уредува дефиницијата

на регистарот на вештаци и неговата содржина (во регистарот на вештаци не се запишуваат правните лица за вештачење), како и одредбите од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на вештаци, што доведе до ограничување на законското право вештачењето да биде извршено и од правни лица.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Непрецизноста на постојниот Закон за вештачење доведува до негова нецелосна и недоследна примена и до неостварување на целите поради кои е донесен. Исто така, се појави потреба од ревидирање на системот на судско вештачење во насока на зголемување на ефикасноста и воспоставување на функционален систем за судско вештачење.

## 2. Цели на предлог регулативата

Општа цел на предлог законот за вештачење е да се зголеми ефикасноста и квалитетот на судските постапки и да се воспостави функционален систем за вештачење. Со донесување на Законот ќе се запазат начелата утврдени во меѓународните акти кои ја третираат независноста на судството и ќе се постигне висок степен на професионалност и одговорност во процесните дејствија.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку остане постојното законско решение, состојбата со констатираните проблеми ќе остане иста (натамошна нецелосна и недоследна примена на Законот). Доколку не се донесе нов закон за вештачење останува ризикот од неотстранување на идентификуваните слабости и недостатоци за неефикасните судски постапки, а реформата на правосудниот систем нема да ги даде очекуваните резултати.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

I. Регулаторна мерка: Да се донесе нов Закон за вештачење.

II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка:
- Донесување на нов Закон за вештачење;
- Анализа и дополнување на Етичкиот кодекс на вештаци

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Вештачењето има влијание за сите трговски друштва (вклучително и за малите и средни претпријатија), економските субјекти, потрошувачите, домаќинствата и др. кога тие учествуваат како страна во судски спор, особено кога станува збор за стопански спор, со оглед на тоа дека вештаците во голема мерка му помагаат на судот да ја утврди вистината, односно да утврди одреден правно релевантен факт и со оглед на тоа дека од квалитетот и севкупноста на наодот и мислењето на судскиот вештак зависи текот и исходот на судската постапка.* | *Нема* |

| | | |
|---|---|---|
| | Унапредувањето на регулативата која го уредува вештачењето како доказно средство во судските постапки, со цел зголемување на ефикасноста и квалитетот на судските постапки и воспоставување на функционален систем за вештачење, ќе предизвика подобрување на квалитетот на правдата и зголемување на довербата во судскиот систем и ќе влијае на напредок во областа. | |
| II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка | Спроведувањето на нерегулаторна мерка со која ќе се постави на етички принципи односот на вештакот кон предметот на вештачење, кон судот, кон органот пред кој се води постапка, кон странката и кон другите вештаци ќе предизвикаат подобрување на интегритетот на вештаците. | Нема |

4.2 Фискални влијанија

| Мерка | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| I. Регулаторна мерка | Нема да произлезат фискални импликации, поради тоа што предвидениот административен товар и материјалните трошоци не се значителни за со соодветна организација да не можат да се покријат во рамки на финансиските средства ставени на располагање. | Нема |
| II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка | Нема да произлезат фискални импликации, поради тоа што предвидениот административен товар и материјалните трошоци не се значителни за со соодветна организација да не можат да се покријат во рамки на финансиските средства ставени на располагање или во рамки на предвидени проекти со/инструменти за финансиска поддршка од меѓународни институции и организации. | Нема |

4.3 Социјални влијанија

| Мерка | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| I. Регулаторна мерка | Со членот 13 од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19) се пропишува правото на секундарна правна помош која се одобрува на лице кое има потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна правна работа и кое не е во можност да ги плати трошоците на постапката заради неговата финансиска состојба и чие барање е оправдано. Секундарна правна помош опфаќа застапување во постапка пред суд, државен орган, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и лица кои вршат јавни овластувања, како и ослободување од трошоците согласно одредбите предвидени со овој и друг закон. Во постапката за секундарна правна помош Министерството соработува со Адвокатската комора на | Нема |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Северна Македонија, правосудните органи, како и со центарот за социјална работа, државните органи и другите надлежни институции кои согласно закон се должни без никаков надоместок до Министерството да ги доставaат потребните податоци за обезбедување на секундарна правна помош при што податоците се доставуваат согласно прописите за заштита на личните податоци. Вештачењето во ваквите постапки се обезбедува преку Бирото за судски вештачења согласно со Законот за вештачење., од чии трошоци странката која користи секундарна правна помош е ослободена. Трошоците за обезбедувањето на секундарна правна помош согласно постапките предвидени со овој закон се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Министерството. На овој начин Законот за вештачење влијае врз заштита на ранливите групи и обесправените, а на посреден начин и на намалување на сиромаштијата. | |
| *II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Спроведувањето на нерегулаторна мерка со која ќе се постави на етички принципи односот на вештакот кон предметот на вештачење, кон судот, кон органот пред кој се води постапка, кон странката и кон другите вештаци ќе предизвика подобрување на состојбите во работната и социјалната сфера и ќе влијае врз заштита на ранливите групи и обесправените, како и на сиромашните.* | *Нема* |

## *4.4 Влијанија врз животната средина*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Оваа регулатива нема директно влијание врз квалитетот на воздухот, водата, почвата, ефектот на стаклена градина, бучвата, био-диверзитетот и врз здравјето на луѓето, но може да има индиректно влијание во постапки кога предмет на кривична постапка се кривични дела против животната средина или предмет на парнична постапка се спорови кои се поврзани со животната средина, а во постапката се користи вештачење како доказно средство за утврдување на материјалната вистина.* | *Нема* |
| *II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Оваа регулатива нема директно влијание врз квалитетот на воздухот, водата, почвата, ефектот на стаклена градина, бучвата, био-диверзитетот и врз здравјето на луѓето, но може да има индиректно влијание во постапки кога предмет на кривична постапка се кривични дела против животната средина или предмет на парнична постапка се спорови кои се поврзани со животната средина, а во постапката се користи вештачење како доказно средство за утврдување на материјалната вистина.* | *Нема* |

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

а) **Трошоци за спроведување**

а.1) Се предвидуваат трошоци за Министерството за правда кои произлегуваат од административниот товар и материјалниот трошок за воспоставување на подрегистрите за правните лица за вештачење во Регистарот на вештаци.

а.2) Се предвидуваат трошоци за правните лица за вештачење кои произлегуваат од административниот товар и материјалниот трошок за добивање на лиценца за работа на друштво за вештачење и лиценца за работа на трговец поединец-вештак, за евидентирање во подрегистрите за правните лица за вештачење во Регистарот на вештаци, за осигурување од одговорност за штета, за членарина во Комората на вештаци. Исто така, се предвидуваат трошоци и за другите вештаци кои произлегуваат од осигурување од одговорност за штета. Трошоци се предвидуваат и за кандидатите за полагање на стручен испит, како и надомест на трошоци за членовите на комисијата за спроведување на стручиот испит.

Износ на вкупни трошоци од административен товар за спроведување:

Опција I. Регулаторна мерка:

Ќе биде дополнително пресметана.

Опција II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка:

Ќе биде дополнително пресметана.

б) **Трошоци за почитување на регулативата**

б.1) Се предвидуваат незначителни трошоци за Министерството за правда кои произлегуваат од административниот товар и материјалниот трошок за воспоставување на подрегистрите за правните лица за вештачење во Регистарот на вештаци.

б.2) Се предвидуваат трошоци за правните лица за вештачење кои произлегуваат од административниот товар и материјалниот трошок за добивање на лиценца за работа на друштво за вештачење и лиценца за работа на трговец поединец-вештак, за евидентирање во подрегистрите за правните лица за вештачење во Регистарот на вештаци, за осигурување од одговорност за штета, за членарина во Комората на вештаци. Исто така, се предвидуваат трошоци и за другите вештаци кои произлегуваат од осигурување од одговорност за штета. Трошоци се предвидуваат и за кандидатите за полагање на стручен испит, како и надомест на трошоци за членовите на комисијата за спроведување на стручиот испит.

Износ на вкупни трошоци за почитување:

Опција I. Регулаторна мерка:

Ќе биде дополнително пресметана.

Опција II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка:

Ќе биде дополнително пресметана.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнати страни се Бирото за судски вештаци, Комора на вештаци, правни лица за вештачење, органите на извршната власт, судовите, јавните обвинителства, како и лицата кои се заинтересирани да вршат вештачење и лицата со стекната лиценца за вештачење, влијаат или сакаат да влијаат врз процесите на донесување односно менување на закони, други прописи и општи акти или јавни политики/програми.
Начин на вклучување: учество во работна група и консултации преку ЕНЕР.

Работната група беше составена од експерти од областа на правосудниот систем, преставници на судовите (Основен граѓански суд Скопје, Управен суд, Врховен суд), Министерството за информатичко општество и администрација и од Здружението на млади правници како преставник на Blueprint платформата составена од здруженија на граѓани.

### *5.2. Преглед на добиените и вградените мислења*

Преглед на добиени и вградени мислења ќе биде внесен како составен дел од предлог извештајот за проценка на влијанието на регулативата по објавувањето на предлог законот за вештачење на ЕНЕР.

### *5.3. Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Мислењата кои не биле земени предвид и причините за тоа ќе бидат составен дел од предлог извештајот за проценка на влијанието на регулативата по објавувањето на предлог законот за вештачење на ЕНЕР.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

I. Регулаторна мерка:

Позитивно економско и социјално влијание, како и индиректно позитивно влијание врз животната средина. Предизвикува незначителни административни влијанија и трошоци.

Негативното влијание: Нема.

II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка

Позитивно економско и социјално влијание, како и индиректно позитивно влијание врз животната средина. Предизвикува незначителни административни влијанија и трошоци.

Негативното влијание: Нема.

### *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

I. Регулаторна мерка

Ризик: Нема

II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка

Ризик: Нема.

### *6.3 Препорачано решение со образложение*

Се препорачува следното решение:

II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка:

- Донесување на нов Закон за вештачење;
- Донесување на Етичкиот кодекс на вештаци;

Препорачаното решение има позитивно економско и социјално влијание, како и индиректно позитивно влијание врз животната средина. Има административни влијанија и трошоци кои се повеќекратно помали од позитивните ефекти кои се очекуваат.

Негативното влијание: Нема.

Ризик: Нема.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

- Подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот на полагање на стручен испит за вештак.
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Министерство за правда
- Подзаконски акт со кој ќе се пропише формата и содржината на извештајот со вештиот наод и мислење.
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Министерство за правда
- Подзаконски акт со кој ќе се пропише формата, содржината и начинот на водење на регистарот на вештаци.
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Министерство за правда
- Подзаконски акт со кој ќе се пропише формата, содржината и начинот на водење на евиденција за извршените вештачења, односно супер вештачења.
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Министерство за правда
- Подзаконски акт со кој ќе се пропише формата, содржината и образецот на лиценцата за вештачење и начинот на нејзиното издавање и обновување.
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Министерство за правда
- Подзаконски акт со кој ќе се пропише формата, содржината и образецот на уверението за положен стручен испит за вештак.
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Министерство за правда

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерство за правда.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Има потреба од спроведување на нерегулаторни мерки за Етичкиот кодекс на вештаци.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

План за спроведување на предложениот закон по неговото донесување:
1. Донесување на подзаконските акти и внатрешните акти во роковите наведени во делот 7.2 „Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување“ од овој извештај;
2. Имплементација на нерегулаторни мерки за Етичкиот кодекс на вештаци најмалку еднаш годишно од денот на започнувањето на примената на законот;
3. Надзорот над примената на одредбите од предложениот закон да го врши Министерството за правда, годишно од започнувањето на примената на законот, со користење на податоците од Регистарот на вештаци. Податоци од спроведениот

надзор да се објавуваат во форма на годишен извештај. Надзор над спроведувањето на Законот за вештачење покрај Министерството за правда врши и Државниот управен инспекторат.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуација на ефектите од предложениот закон ќе се врши годишно, од започнувањето на неговата примена. Податоци од спроведениот надзор од страна на Комората на вештаци ќе се објавуваат во рамки на годишниот извештај за работата на Комората за работите во рамки на нејзината надлежност, како и од страна на Министерството за правда во форма на годишен извештај.

Основни параметри кои ќе се следат:

- Број на кандидати кои побарале да полагаат стручен испит;
- Број на кандидати кои положиле стручен испит;
- Број на издадени лиценци за вештачење;
- Број на издадени дозволи за вештачење;
- Број на обновени лиценци за вештачење;
- Број на одземени лиценци за вештачење;
- Број на изречени мерки за дисциплински повреди;

Министерството за правда ќе подготви извештај од оценка на спроведувањето на Законот за вештачење, по изминување на три години од датумот на почеток на примената на Законот, согласно Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата.

## Изјава од министерот

**Нацрт - извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 14. 11. 2019

Министерство за правда - Ministria e Drejtësisë, Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Скопје - Shkup

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,**

**Проф. д-р. Рената Десковска**

Изготвил: Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник